

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН И ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ

Животот пишува романи. Токму тако ,,романизиран” живот е на двоецот Мицевски, со се’ она што ја чини прекрасна сагата на нивните заеднички инспиративни децении под ист кров. Идилата се родиле уште во средношколските денови. Кога заискриле емоциите, за потоа и да пламнат и силно долго да траат, што би се рекло - љубов е тоа довека.

Речиси и да растеле и младувале заедно. Така некако му доаѓа кога макар само малку се ѕирнува во заедничката долговечност, почитта со првите емотивни навеви на убавицата, мома Виолета, и бујновитото момче Силјан.

Таа втора година во Средното економско училиште, а Силјан само година плус е во гимназиските клупи. Случајното вкрстување на погледите низ битолските сокаци ќе биде и почеток на нежната љубовна симфонија чии ноти нежно одекнуваат и денес. Таа со вита става, пемператментна ученичка, тој стасит, личен гимназијалец кој отпрво под око ја меркал тинејџерката. Кога веќе тешко се скротувале, а уште потешко се контролирале емотивните турбуленции, тој почнал да станува многу понастојчив и и’ го пресретувал патот, само за да ја допре, макар најмалку и најнежно за раката. Колку за почеток. И доволно. Таа, сепак како видриче бегала. Се криела. Му ја заметкувала трагата.

Циле скроил планови, смислил стратегии за да и’ пријде во вистинскиот момент и тоа да не биде неуспешно, туку напротив. И најважното - од неговата голема симпатија да не добие негативен одговор. Тоа се случило кога Виолета излегла од кинопретстава. Циле од околу свртел покрај Поштата и, следејќи ја низ темните улички, горел од желба само

да и’ пријде, и нека нема ни допир, ама барем да ја праша, да и’ каже нешто, малку срцето свое да отоври.

Виолета, кога веќе и’ било јасно оти очигледно личниот Циле и’ оди зад неа, се’ уште избегнувала да се најдат очи во очи. Иако и неа срцето и било море немирно, а нему му се бранувала душата,  сепак, не можело туку-така да се случи - љубов.

Какви ли се’ досетки не измислувал, каде ли се’ не ја следел и пред порти, си велел, ако треба ќе стои и серенади со тајфата ќе í пее и стихови најубави ќе í реди, само симпатија нејзина да освои. Но, сепак, тешко се реализирало.

Конечно, отпорот бил ,,скршен”и двајцата еден кон друг почнале да изразуваат симпатии. Желбата била немерлива, истрајноста исто така. Само различни им биле приодот и, секако, многуте ниви карактеристични, а и оригинални тактични потези. Ги споила љубовта засекогаш. Најубави денови и месеци биле нивните трперливи состаноци и исчекувањата на љубениот и љубената навечер. Долгите прошетки низ Широк Сокак, низ корзото и паркот биле многу емотивни кога тие, крај големите дрвја загледани во ѕвездите, во најплатонската голема нивна идилична атмосфера, ја кроеле својата иднина.


www.BitolaTourist.Info



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**